МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за објавување на Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2026 година**

1. Се објавува Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/9**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), член 5, член 6, став 1 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“бр.84/08; 52/09; 114/09; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14; 42/14; 166/14; 44/15; 116/15; 150/15; 31/16; 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), Советот на Општина Карпош, на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2026 година

### Член 1

Со оваа програма се планираат работи и утврдуваат финансиски средства за изградба, редовно и инвестиционо оддржување и зимско оддржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, одобрени од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија на Општина Карпош за 2026 година, нивната распределба во проценти и износи во денари, како и предвидените активности за реализација на истата.

### Член 2

Одобрените финансиски средства од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија во вкупен износ од 5.238.000,00 денари, Општина Карпош ќе ги распореди на следниот начин:

А.За изградба на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од вкупно одобрените средства, кои изнесуваат 2.619.000,00 денари

Б.За редовно и инвестиционо оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од вкупноодобрените средства кои изнесуваат 1.571.000,00 денари,

В.За зимско оддржување се предвидуваат средства од висина од 20% од вкупно одобрените средства кои изнесуваат 1.048.000,00 денари.

**Член 3**

Со оваа програма се предвидува извршување на следните активности

-Изградба на нови улици и локални патишта;

-Реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;

-Одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови и

-Надзор на извршените работи .

**Член 4**

Активностите за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Карпош ќе бидат утврдени од страна на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи на Општината Карпош.

**Член 5**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се реализира во зависност од приливот на средствата од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија, наведени во член 2 од оваа програма.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе обезбеди извршување на оваа програма.

**Член 7**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број: 09-11690/12**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов**